**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број** 08-552/1
20 **.02.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 31 ст. 2, т. 44 и член 88 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20) и член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 1-1322/1 од 06.07.2017 година и бр. 08-588/1 од 01.03.2019 година, согласно Финансиски средства утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Програма 21 – Изборни активности а во врска со Решението за распишување на Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, бр. 09-1422/1 од 16.02.2020 година, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија на 19 февруари 2020 година, донесе

# УПАТСТВО
## ЗА НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВА ОПРЕДЕЛЕНИ ОД ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ОД СТРАНА НА ОПШТИНСКИ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

1. Со ова Упатство се пропишува начниот на реализација на трошоците од средствата обезбедени од буџетот на Република Северна Македонија, за спроведување на Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои преку Државната изборна комисија се трансферираат до општинските изборни комисии и со кои располагаат општинските изборни комисии.

2. Општинските изборни комисии, со средствата обезбедени од разделот на Државната изборна комисија, се должни да располагаат рационално, ефикасно и ефективно. При располагање со средствата, општинските изборни комисии водат сметка за економично трошење во согласност со позитивните законски прописи, подзаконските акти и ова упатство.

3. Средствата се реализираат согласно Правилникот на Државната изборна комисија за реализација на средства за спроведување на избори.

При спроведување на изборните дејствија и активности, буџетските средства се реализираат за следните видови класифицирани трошоци:

- Патни и дневни расходи;
- Комунални услуги, греење и комуникација;
- Материјали и ситен инвентар;
- Други тековни расходи;

4. Во рамките на класифицирани трошоци средствата се користат за следни пропишани намени:
   1) Патување во земја - патни расходи (до ДИК, за едукација и за случаен избор, за членови од ОИК кои се по ЛК со место на живеење надвор од општината а кои се избрани по случаен избор од ДИК но

само во висина на повратен автобуски билет),

2) Поштански услуги-користење на поштански услуги во врска со изборните дејствја и активности,

3) Трошоци за комуникација (Телефонски услуги - надомест за припејд картички за претседател и заменик председател за времетраење на избори),

4) Гориво потрошено за обиколка на избирачки места до висина од 30% од вкупно доделените финансиски средства (за обиколка на избирачки места),

5) Канцелариски материјал - за изборни активности,

8) Други оперативни расходи - кои настануваат за времетраење на изборниот процес по налог на ДИК (за ангажман на лекар за пријави на болни и немоќни, храна на ден пред изборите, на ден на изборите и за дежурства по налог на ДИК но најмногу до висина од 1.000 денари по лице од ОИК, се сметано од вкупно доделените финансиски средства).

5. По завршување на изборните дејства и активности, за вкупно потрошените средства општинската изборна комисија составува финансиски извештај и за сите направени трошоци приложува соодветен финансиски документ (фискална сметка).

Финансискиот извештај, општинската изборна комисија го пополнува на образец пропишан од Државната изборна комисија.

Финансискиот извештај со комплетната финансиска документација, уредно потпишан и заверен во архивата на општинската изборна комисија, се доставува до Државната изборна комисија, по завршувањето на изборните активности, најдоцна во во рок од седум дена од денот на завршувањето на изборните активности.

Во прилог на финансискиот извештај, задолжително се доставува еден оригинален примерок од записникот од седницата на општинската изборна комисија на која истиот е усвоен.

6. Прилог на ова упатство е образец Ф1 - финансиски извештај и упатство за пополнување (Прилог1)

7. Финансискиот извештај, општинските изборни комисии го пополнуваат, потпишуваат и усвојуваат на горенаведениот образец, врз основа на прегледи за аналитичка евиденција: Формулар, Дневник на трошоци, Формулар за присуство на работа.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**

**Прилог 1 - Финансиски извештај**

Образец Ф1

ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ____________________

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

**за реализирани приходи и трошоци за спроведување на изборите преку општинските изборни комисии**

**А. Рекапитулар**

| Средства | Износ |
|---|---|
| Вкупно примени средства | |
| Вкупно реализирани средства | |
| Нереализирани, вратени средства во буџет | |

**Б. Спецификација на приходи и трошоци**

| Р.Б. | Опис | Приходи -Примени средства | За потребите на / ОИК/ИО | Износ на реализирани трошоци | Нереализирани вратени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Патувања во земја - сместување | | | | |
| 2 | Патувања во земја - патни расходи | | | | |
| 3 | Патувања во земја - споредни расходи | | | | |
| 4 | Поштенски услуги | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Трошоци за комуникација-Телефонски услуги-фиксни и мобилна комуникација( за претседател, заменик претседател и секретар) | | | | |
| 6 | Горива за обиколка на избирачки места | | | | |
| 7 | Транспорт (стоки)-доставување на изборен матерјал | | | | |
| 8 | Транспорт (луѓе)-организиран транспорт за членови на ИО | | | | |
| 9 | Канцелариски материјал | | | | |
| 10 | Други оперативни расходи - по налог на ДИК | | | | |
| | Вкупно | | | | |

**Ц.** **Образложение:**

| |
|---|
| |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Трошоци за комуникација-Телефонски услуги-фиксни и мобилна комуникација( за претседател, заменик претседател и секретар) | | | | |
| 6 | Горива за обиколка на избирачки места | | | | |
| 7 | Транспорт (стоки)-доставување на изборен матерјал | | | | |
| 8 | Транспорт (луѓе)-организиран транспорт за членови на ИО | | | | |
| 9 | Канцелариски материјал | | | | |
| 10 | Други оперативни расходи - по налог на ДИК | | | | |
| | Вкупно | | | | |

**Ц.** **Образложение:**

| |
|---|
| |

**Д. СОСТАВЕН ДЕЛ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ СЕ ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ИСПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ ВО ПРИЛОГ**

ПРЕТСЕДАТЕЛ

______________

Членови

______________

______________

Место

______________

Дата

______________

**МП**

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ

При изготвување на финансискиот извештај за реализираните трошоци на ОИК за време на изборни активности, се пополнуваат и приложуваат следните документи: Ф1 - финансиски извештај за реализирани средства за Општинска изборна комисија, оригинална финансиска документација, збирни прегледи за презентација на трошоци како и одлука за усвојување на финансискиот извештај од општинската изборна комисија.

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦ Ф1:

Во делот А:
Во рекапитуларот се внесуваат вкупните средства во апсолутни реални износи ( вкупно примени, реализирани и вратени во буџет).

Во делот Б:
Во спецификација на приходи и трошоци, според подредени трошоци (во колона 2), се внесуваат:

Во колона 3 се внесуваат примени средства по наведени намени.

Во колона 4 се определува локација на трошокот (се внесува ОИК или ИО).

Во колона 5 се внесува износот на вкупно реализирани трошоци во реални износи. Вкупно реализирани трошоци се добиваат со собирање на поодделно направени трошоци и збирните прегледи се приложуваат кон извештајот. Секој деклариран износ се документира поединечно, со финансиски документ (сметка по која е извршено плаќањето, придружено со акт од Општинската изборна комисија, одлука, договор). Вкупната сума на трошоци по поодделни намени се внесува во колона 5. Сума на вкупните трошоците по приложената документација се поклопува со износот што е внесен во соодветен ред и колона односно според видот на трошокот и видот на примените средства/приходи.

Во колона 6 се наведуваат износи на нереализирани, вратени средства во буџетот на Република Македонија.

Во делот Ц:
Во образложението се наведуваат подетални информации за начинот и висината на исплатените средства по одделни намени.

Во делот Д:
Во прилог на финансискиот извештај се доставува одлука за негово усвојување од страна на Општинската изборна комисија.

Документи во прилог на финансискиот извештај, покрај одлука за усвојување, се: финансиска документација за исплата (сметко-потврди и фискални сметки, договори со преведувачи, и сл.). Исто така се приложуваат и копии на обрасци употребени за пренос / враќање на средствата.

**ПОСТАПУВАЊЕ СО НЕПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА:**
Непотрошените средства се уплатуваат во Буџетот на Република Северна Македонија на следниот начин: со образец бр. ПП 50, на трезорска сметка 100000000063095,сметка на буџетски корисник - Буџет на РМ 630010001963019,приходна шифра 725 939, програма 00.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Прилог 3 - Формулар**

| |
|---|
| *Тука закачете ја сметката* |

Формулар за презентирање на сметки

| |
|---|
| Намена на трошокот<br><br>*Пример:*<br><br>- *Патни трошоци за такси превоз за достава на материјали до ИО*<br>- *фотокопирање - решенија за ИО*<br>- *Објава во службен гласник - одлука за избор на ИО 10 страни / црно бели/ внатрешни* |

- *Секоја фискална сметка или налог за извршено плаќање мора да се закачи на овој лист и да се опише намената на соодветниот трошок*

**Прилог 4 - Дневник на трошоци**

| Месечен финансиски извештај ОИК СКОПЈЕ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. бр.** | **Име** | **Презиме** | **датум** | **опис на трошокот** | **исплатено** | **забелешка** |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |
| 11 | | | | | | |
| 12 | | | | | | |
| 13 | | | | | | |
| 14 | | | | | | |
| 15 | | | | | | |
| 16 | | | | | | |
| 17 | | | | | | |
| 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | | |
| 20 | | | | | | |
| 21 | | | | | | |
| 22 | | | | | | |
| 23 | | | | | | |
| 24 | | | | | | |
| 25 | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | |
| **Одговорно лице - Претседател на ОИК** | | | | | | |
| * Составен дел на овој преглед се соодветните фискални сметки и налози за извршено плаќање | | | | | **ДАТУМ** | |

**Прилог 5 - Формулар за присуство на работа**

## Формулар за Присуство на работа (ПРФ)

| | | |
|---|---|---|
| Презиме : | Вид на договор : | |
| Име: | Дневно | Ниво: |
| Функција: | | |
| ОИК: | Договор за дело | Друго: |
| Месец/година: | | |

| датум | Работно време | | вкупно часови | Ангажман надвор од работно место | Патен налог | | Цел на ангажман и место на ангажман | Потпис на одговорното лице за потврда на ангажманот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | почеток | завршување | | | Време од | Време до | | |
| 01 | | | | | | | | |
| 02 | | | | | | | | |
| 03 | | | | | | | | |
| 04 | | | | | | | | |
| 05 | | | | | | | | |
| 06 | | | | | | | | |
| 07 | | | | | | | | |
| 08 | | | | | | | | |
| 09 | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | | |
| 16 | | | | | | | | |
| 17 | | | | | | | | |
| 18 | | | | | | | | |
| 19 | | | | | | | | |
| 20 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | | | | | | | | |
| 22 | | | | | | | | |
| 23 | | | | | | | | |
| 24 | | | | | | | | |
| 25 | | | | | | | | |
| 26 | | | | | | | | |
| 27 | | | | | | | | |
| 28 | | | | | | | | |
| 29 | | | | | | | | |
| 30 | | | | | | | | |
| 31 | | | | | | | | |
| Вкупно ангажираност во часови | | | | | | | | |

**Потпис на ангажираното лице** **Потпис на одговорното лице**

**Претседател на ОИК** **Датум :**

_____________________________ _______________________________________ _________________